## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 9 ДАТА 13.03.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 9 ДАТА 13.03.2020 г.


## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**

**Седница од 17.01.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

Се верификува регистрацијата и професионалниот договор на фудбалерот Трајковиќ Бранислав за ФК „Работнички АД„ од Скопје, бидејќи клубот постапи по напатствијата на Комисијата за Верификација од седница од 11.03.2020 година и ја дополни документацијата потребна за верификација на регистрацијата во зададениот рок.

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Трајковиќ Бранислав од Фудбалскиот клуб „Ислок Минск„ од Република Белорусија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб "Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Трајковиќ Бранислав склучија догоовор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фдубал во времетарње од 1 (една) година до Зимскиот преоден рок 2021 година, до 14.06.2021 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО

**Седница од 09.03.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА" с. Пепелиште: Пауновиќ В. Живко и Темелковски Н. Тошко од ГФК „Вардар Неготино„ од Неготино, по член 36/1.

Димитриев Р. Васко, Усинов Х. Дејан и Јанев А. Александар, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите Станковиќ П. Лазе и Анѓеловски К. Драги за Фудбалскиот клуб „Напредок„ од с. Војшанци, по член 35/1 бидејќи нема потпис од фудбалерите на пријавите за регистрација.

Не се објавуваат регистрациите на фудбалеритре Шерифов М. Мухамед и Балтов Ѓ. Никола за Фудбалскиот клуб „Полет„ од с. Тремник по член 35/1 будејќи нема потпис од фудбалерите на пријавите за регистација.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-506/1

Втора МФЛ: 2019 - 2020

Скопје: 10.03.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 10.03.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ГФК ОХРИД ЛИХНИДОС - Охрид се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 16 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 19/20 помеѓу, ГФК ОХРИД ЛИХНИДОС - ФК ВАРДАР с.Форино, ја констатира следната фактичка состојба: Александар Целески со ИД 101001 фудбалер на ГФК Охрид Лихнидос се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон ( 65 мин недозволен старт и 81 минута – симулација ) на натпревар во рамки на 16 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ГФК Охрид Лихнидос – ФК Вардар Форино одигран на 07.03.2020 година .

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ГФК ОХРИД ЛИХНИДОС - Охрид
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-505/1

Втора МФЛ: 2019 - 2020

Скопје: 10.03.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 10.03.2020 година донесе:

# О Д Л У К А

1. КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 16 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 19/20 помеѓу, КФГ ГОСТИВАР АД - ФК ЛАБУНИШТА 2011, ја констатира следната фактичка состојба: Бленди Бектеши со ИД 105035 фудбалер на КФГ Гостивар АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон (90+3 минута поради груба игра) на натпревар во рамки на 16 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на КФГ Гостивар АД-ФК Лабуништа 2011 одигран во Гостивар на 08.03.2020 година.

При вакква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 15-504/1**

**Прва МФЛ: 2019 - 2020**

**Скопје: 10.03.2020 Година**

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 10.03.2020 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - Ѓорче Петров,Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 22 коло на Прва МФЛ 19/20 помеѓу, ФК СИЛЕКС АД - ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Наџи Шенсој 132342 Шеф на Стручен штаб на ФК Македонија ЃП 1932 АД се предава на ДК на ФФМ поради исклучување од натпревар (во 44 минута поради неспортски однос) на натпреварот во рамки на 22 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Силекс АД-ФК Македонија ЃП 1932 АД одигран на 08.03.2020 година во Кратово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД -
- Ѓорче Петров,Скопје
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

Врз основа на член 110 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија во состав Муамед Сејдини – Претседател, Лазар Ракиџиев – член и Димитар Џонов– член, на седницата одржана на 12.03.2020 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-583/2
13.03 2020 год.

# О Д Л У К А

1. Се одложува одигрувањето на сите првенствени и куп натпревари кои треба да се одиграаат во периодот по 12.03.2020 година во сите категории .

2. Се одложува одигрувањето на сите пријателски домашни и меѓународни натпревари кои се закажани за одигрување, во периодот по 12.03.2020 година.

3. Терминот за одигрување на натпреварите од т.1 и 2 од оваа одлука дополнително ќе биде утврден од надлежните органи кои го водат натпреварувањето.

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш а ќе се потврди на наредна седница на Управниот одбор.

5. Одлуката да се достави до Одделението за национални натпреварувања и надлежните органи кои ги водат натпреварувањата.

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одборот за итност на ФФМ следејќи ги заклучоците, мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија поврзани со превенција од Коронавирусот Ковит 19 како и прогласувањето на пандемиа од страна на Светската здравствена организација, со цел заштита и превенција на здравјето на фудбалерите, службените лица и публиката на натпреварите донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател на ФФМ
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-583/2

Врз основа на член 110 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија во состав Муамед Сејдини – Претседател, Лазар Ракиџиев – член и Димитар Џонов– член, на седницата одржана на 12.03.2020 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-583/3
13.03.2020 год.

## ОДЛУКА

1. Се одложува одржувањето на Редовното годишно собрание закажано за 21.03.2020 година.

2. Терминот за одржување на Редовното годишно собрание дополнително ќе се утврди.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш а ќе се потврди на наредна седница на Управниот одбор на ФФМ.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот за итност на ФФМ следејќи ги заклучоците, мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија поврзани со превенција од Коронавирусот Ковит 19 како и прогласувањето на пандемиа од страна на Светската здравствена организација, со цел заштита и превенција на здравјето на делегатите на собранието на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател на ФФМ
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-583/3

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**